**20261371993**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3 и член 49 став (2) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025 и бр.269/2025), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 4.6.2026 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ЖИГОТ ЗА ЗАПЕЧАТУВАЊЕ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува содржината и формата на жигот за запечатување на просториите во кои се сместени комуникациските средства и опрема или комуникациските средства и опрема со чие работење е направена повреда на одредбите на Законот за електронските комуникации.

Член 2

(1) Жигот за запечатување од членот 1 на овој правилник има кружен облик на кој во полукружна форма е втиснат следниот текст: “РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ“, а во средината е втиснат заштитниот знак на Агенцијата за електронски комуникации.

(2) Жигот за запечатување од членот 1 на овој правилник е изработен од метал, со пречник од 25 мм, кој е прицврстен на дрвена рачка.

Член 3

Отисокот на жигот се втиснува на црвен течен восок.

Член 4

Образецот на жигот е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилник за содржината и формата на жигот за запечатување („Службен весник на РМ“ бр. 176 од 13.10.2015 година),

(2) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во “Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0101-1007/6
16 јуни 2026 година
Скопје

Директор,
**Нусрет Халити,** с.р.

**ОБРАЗЕЦ 1**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АЕК

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ